Коле ЈОВАНОВСКИ

# АКСИОЛОШКИОТ ОБЈЕКТИВИСТИЧКИ АПСОЛУТИЗАМ И АПРИОРИЗАМ НА МАКС ШЕЛЕР

„На прашањето: што е вредноста, ние одговараме, доколку ова „е“ е замислено како израз на егзистенцијата (а не како гола копула), вредноста воопшто *не е.* Вредноста е исто така малку погодна за дефиниција како и поимот битие. Со тоа исто така вредноста не е себственост на некоја ствар покрај нејзините останати себствености“.

*Макс Шелер*

„Требањето и битието, вредноста и стварноста мораат да бидат различни. Ако нормата и стварноста би се совпаднале, тогаш би престанало секое ценење, чијшто алтернативен карактер во потврдувањето и негирањето ја претпоставува оваа различност“.

*Вилхелм Винделбанд*

Во релативно кусата историја на развитокот на аксиологијата, како посебна филозофска дисциплина (прецизно лоцирана од објавувањето на тритомното дело на германскиот филозоф Херман Лоце „Микрокосмос“ во 1856-1858 година), систематската тематизација на проблематиката на филозофската експликација и елаборација на феноменот на вредностите најповеќе доаѓа до израз во достигањата на модерната германска аксиологија. Неа ја сочинуваат неокантовската аксиологија, чии главни претставници се Вилхелм Винделбанд и Хајнрих Рикерт, и феноменолошката акциологија, која ја репрезентираат Макс Шелер и Николај Хартман. Предмет на моето интересирање во оваа статија е аксиолошкиот концепт на феноменологот Макс Шелер, што лапидарно го епитомизирам во сложената синтагма аксиолошки објективистички апсолутизам и априоризам.

Наспроти кантовското и новокантовското разделување на вредностите од стварноста во посебно царство на важење и норми, феноменолошката аксиологија на чело со Макс Шелер ќе настојува да покаже дека вредностите се *дадени* во самата стварност и дека искуствено се достапни, се разбира притоа тие се елаборирани низ визурата на категоријалната апаратура на феноменолошката филозофија.

Како Шелер ја определува фундаменталната категорија на аксиологијата - вредноста? Според него, вредностите не можат да се изедначат со особините на добрата. Шелер, исто така, одбива вредностите да ги фундира врз целите, од што следува дека, напротив, целите се фундираат врз вредностите. За него не е прифатливо ниту гледиштето дека вредностите се извесни субјективистички состојби, на пример чувства.

Шелер го отфрла гледиштето дека вредностите се резултат на дејствувањето на некои погодности, сили или диспозиции на добрата врз нашите чувствени состојби. Тој тврди дека вредноста не е никаков однос меѓу добрата, предметите и субјектот, туку дека може да биде само фундамент на еден таков однос, значи вредносното доживување не е доживување на ваков однос и целосно е независен од него: „Во таквите случаи се манифестира мошне јасно дека вредностите се *независни* во битието од своите носители“. (1, 13)

Вредностите не се реални предмети кои ги сознаваме со сетилата, туку идеални објекти кои нам ни се достапни во едно внатрешно непосредно согледување. Тие на врадносните добра стануваат „стварни“, но *по себе* постојат како суштини чија егзистенција воопшто не зависи од реалниот свет на добрата, следствено на Шелеровата основна методолошка задача: со методот на феноменолошката редукција да продре во вредносната област на светот на суштините и да ја опише. Токму затоа Шелер ги идентификува поимите: вредност и ирационална суштина. Кон категоријата суштина во определувањето на вредноста Шелер ја придодава и категоријата квалитет. Значи, вредносните квалитети содржински меѓу себе се јасно омеѓени, сингуларни и несводливи. Епитомизирано презентирано, според Шелер, вредноста е *ирационален, суштински, содржински, сингуларен* и *несводлив квалитет.*

Шелер тврди дека вредноста има свое *самостојно битие.* Така, *битието* на вредноста, наводно, апсолутно е независно од *реалното, егзистирачко битие* и не може да се дедуцира од ниедна негова форма. Само егзистенцијата на вредностите неразделно е врзана за реалното битие.

Конститутивен ингредиент на вредностите, според Шелер, е поимот *носител* на вредноста. Битието на вредностите воопшто не го претпоставува битието на вредносниот носител, што значи реалното, егзистирачко битие. Единствено преминот од неегзистенцијата на вредноста кон нејзината егзистенција е условен и овозможен од постоењето на вредносниот носител, па според тоа единствено егзистен-

цијата, а никако битието на вредноста, е зависно од нејзиниот носител, то ест реалното, егзистирачко битие.

Кон веќе апострофираните карактеристики на поимот вредност Шелер ја придодава и следнава: *идеален објект* чие битие, за разлика од егзистенцијата, целосно е независно од реалното битие. „Објективното царство на вредносните квалитети", „космосот на вредностите", суштествува нетангиран и „незаинтересиран" од какви и да било промени врзани не само за вредносните носители, туку и за субјектите. „Го отфрлувам исто така тврдењето дека битието на вредноста претпоставува „субјект" или „јас", било емпириското или таканареченото „трансцендентално јас", или „свест воопшто" итн. (1, 273)

Вредностите се *апсолутни, објективни* и *непроменливи.* „Вредностите не можат да бидат создадени ниту уништени (1, 268). Секој вредносен квалитет е совршено сингуларен, како во однос на содржината така и во поглед на својот носител, па затоа е неповторлив. Вредносни квалитети има бесконечно многу.

Како основен феномен вредноста е недефинирлива. Таа не може да се докаже, туку само да се покаже. Нејзината индиректна карактеристика можеме да ја добиеме со утврдувањето на начинот на кој ни е презентна во вредносното сознавање.

Вредноста е содржина на „непосредното восприемање", „гледање на суштините", „феноменолошкото восприемање", „феноменолошкото искуство" итн.

Вредностите се зафаќаат со *емоционалното априорно непосредно восприемање.* Ова априори кај Шелер не значи дека вредностите ни се достапни и без дадеността на она што вреди. Напротив, вредносните квалитети и ентитети ни се откриваат само тогаш кога од неегзистенција ќе минат во егзистенција. Нужен услов е постоење и присутност на нешто, но покрај тоа, сфаќањето на вредноста е априорно, што покрај другото значи независно од исклучиво апостериорното сфаќање на она што вреди. Шелер тврди дека априорното не е субјективно туку објективно и дека го вклучува и емоционалното како и содржинското (за разлика од Кантовото сфаќање на априорното).

Шелер не се задоволува со тврдењето за априорноста на вредноста, туку зборува за „априорната структура на сето вредносно царство." Светот на вредностите, наводно, е испреплетен со априорни суштински врски и односи. Квалификативот *суштински* тој го образложува со тоа што, според него, тие врски и односи се фундирани во суштините на самите вредности и целосно се независни од носителите, како и од признавањето од страна на субјектите. Основната задача на

аксиологот е да изврши феноменолошка дескрипција на посоченава априорна структура.

Шелер најнапред се сосредоточува врз дескрипција на „чисто формалните" априорни суштински врски. Тоа се оние кои се заснова-ат во суштината на вредностите како вредности, независно од нејзиниот вид и видот на нејзиниот носител - доменот на „чистата аксиологија".

Најнапред тука спаѓа „суштинскиот факт" дека вредностите се делат на *позитивни* и *негативни*. Оваа дивизија потекнува од самата суштина на вредноста, па е независна од фактот дали можеме да ја почувствуваме или не сме во состојба тоа да го сториме.

Потоа, 4-те аксиоми кои го утврдуваат априорниот однос на егзистенцијата кон позитивната и негативната егзистенција и кои, како што посочува Шелер, „делумно" ги открил неговиот претходник Франц Брентано:

„Егзистенцијата на една позитивна вредност самата е позитивна вредност.

Егзистенцијата на една негативна вредност самата е негативна вредност.

Неегзистенцијата на една позитивна вредност самата е негативна вредност.

Неегзистенцијата на една негативна вредност самата е позитивна вредност". (1, 79)

Постојат суштински врски меѓу вредноста и „идеалното треба". „На прво место ставот дека секое „треба" мора да биде фундирано во вредностите, то ест дека само вредностите треба да бидат и не треба да бидат; како и ставовите дека позитивните вредности треба да бидат и негативните не треба да бидат". (1, 79)

Натаму, суштествуваат априорни врски меѓу битието и „идеалното треба". Тие управуваат со нивниот однос кон исправното и неисправното. „Така секое битие на едно (позитивно) треба е исправно; секое битие на едно нетреба е неисправно; секое небитие на едно треба е неисправно; но секое небитие на едно нетреба е исправно". (1, 79-80)

Според Шелер, врз основа на чисто формалните априорни суштински врски иста вредност не може да биде позитивна и негативна, но секоја ненегативна вредност е позитивна, а секоја непозитивна вредност е негативна.

На тоа соодветствуваат принципите на однесувањето кон вредностите: неможно е, една иста вредност да се смета за позитивна и негативна итн.

Меѓу вредностите и нивните носители постојат суштински априорни врски. Во функција на егземплификација, Шелер смета дека носители на моралните вредности се личности и нивните акти.

Вредностите се наоѓаат и во меѓусебен суштински априорен *хиерархиски* однос. Оваа вредност на хиерархија лежи во суштините на самите вредности и важи за сите, а не само за познатите вредности, без оглед дали субјектите ја признаваат или не. Објективното и априорно хиерархиско место на вредностите се зафаќа со посебниот акт на вредносното сознавање: со априорното претпоставување и запоставување. Навистина вредносниот ранг не може да се дедуцира, но затоа може да се утврди врската меѓу вредносната височина и дургите одлики на вредностите.

„Така вредностите изгледаат дека се дотолку „повисоки" доколку се *йошрајни*; како и дотолку повисоки доколку помалку се *„екстензивни"* и деливи; исто така дотолку повисоки доколку се помалку *„фундирани" од други вредонсти* - и дотолку повисоки доколку е *„йодлабоко" „задоволувањешо"* поврзано со нивното чувствување; најсетне и дотолку повисоки, доколку нивното чувствување е помалку *релашивно* кон *йосшавувањешо* на определени суштински носители на „чувствувањата" и „претпоставувањата". (1, 88)

Априорната хиерархија на вредностите, наводно, е двократна: според суштинските вредносни носители и хиерархијата на вредносните модалитети.

На тој начин Шелер хиерархиски ги подредува: персоналните вредности и вредностите на стварите; сопствените и туѓите вредности; вредностите на актите, функциите и реакциите; вредностите на замислувањата, постапките и ефектите; вредностите на интенцијата и состојбите; вредностите на фундамент, форма и однос; индивидуалните и колективните вредности и најпосле самовредностите и консекутивните вредности. Како пример го споменуваме неговиот заклучок дека персоналните вредности се повисоки од вредностите на стварите.

Од сите априорни односи примордијален е хиерархискиот однос на вредносните модалитети. Тој ги означува како „последни единства на низи од вредносни квалитети" или како „квалитативни системи на содржински вредности".

Впрочем, еве како Шелер ја конкретизира таа хиерархија: „И овие вредносни модалитети - велам - стојат сега во еден *айриорен ранг*, кој им претходи на ним припаѓачките низи квалитети и кој важи за *добраша* на таквите вредности *зашоа* што важи за *вредносшише на добраша*. Вредностите на благородното и простото се *йовисока* вред-

носна низа од пријатното и непријатното; духовните вредности се *по-висока* вредносна низа од виталните вредности, вредностите на светото *повисока* вредносна низа од духовните вредности". (1, 109)

Што се однесува до Шелеровото учење за односот меѓу вредноста и „треба", како конститутивен ингредиент на неговата аксиолошка конструкција, најпрвин треба да се посочи на фактот дека вредноста е примарна, па според тоа секое „треба" се фундира врз неа. Секоја констатација за тоа дека нешто „треба да биде" (или „не треба да биде") веќе имплицира еден однос меѓу позитивната или негативната вредност и нејзиниот евентуален носител.

Битието на вредноста не само што не се сведува на „треба" туку дури и повеќе, вредноста е индиферентна кон егзистенијалната сфера и сферата на „треба". „Треба постојано е фундирано врз една таква вредност, која се набљудува кон едно *можно* реално битие, то ест во овој однос". (1, 187) Но додека е тоа и *само* тоа може да се зборува исклучиво за идеално треба".

Имено, Шелер разликува два вида „треба" *„идеално треба"* и *„нормативно"* или *„должносно треба"*. Првото е дадено на пр. во ставот „исправното треба да биде", а второто во ставот; „треба да постапуваш исправно".

„Идеалното треба" е фундирано исклучиво врз односот меѓу вредноста и реалитетот. Самото соочување на вредноста со реалитетот дава едно „треба" или „не треба", зависно од тоа дали станува збор за позитивна или негативна вредност, а го изразуваат веќе споменатите аксиоми: „позитивната вредност треба да биде" и „негативната вредност не треба да биде".

„Идеалното треба" се транспонира во нормативно кога неговата содржина стапува во однос кон една можна волја како нејзин реализатор. Значи, „нормативното треба" не се заснова само врз релацијата вредност-реалитет, како што е случај со идеалното, туку и врз односот на горниот однос кон можната реализаторска волја.

За „идеалното треба" може да се зборува само под претпоставка за неегзистенција на вредноста. Кога ова „треба" се транспонира во налог на една волја таа вредност да ја оствари, тоа сега е нормативно, императивно или должносно „треба". Се разбира, тоа е можно единствено кога волитивното интендирање не е првобитно и целосно насочено кон остварување на соодветната вредност. Онаму каде што стремежот на волјата од почеток се совпаѓа со „идеалното треба", тука не станува збор за императив. Значи, должноста ја детерминираат два фактора: содржината на „идеалното треба" (и преку него вредноста)

и провобитната насока на волјата. Токму поради овој друг фактор, должностите, нормите можат да варираат и покрај признавањето на истите вредности, односно истите содржини на „идеалните треба“.

Против обидите на нормативистичката аксиологија вредноста да ја изведе од „треба“, Шелер го посочува следниов аргумент: вредноста не може да се изведе од „треба“, бидејќи секое тврдење за тоа дека нешто „треба да биде“ веќе ја *претпоставува* неговата вредност (како што барањето „не треба“ тргнува од неговата невредност). Значи, нормативистот во аксиологијата нужно се врти во круг. „Треба“ претпоствува неегзистенција на позитивна вредност, а „не треба“ егзистенција на негативна вредност.

Со оглед на тоа дека аксиоматски е извесно дека како неегзистенцијата на позитивната вредност, така и егзистенцијата на негативната вредност - претставува негативна вредност, оттука произлегува дека секое „треба“, а не само „не треба“, е насочено првенствено кон отстранување на невредноста, а не кон остварување на вредноста. Значи, од „треба“ не може да се изведе *позитивна* квалитативна определба на вредноста, туку само негативна, исклучиво како спротивност на невредноста. Сето тоа важи не само за идеалното, туку и за должносното „треба“, со таа разлика што ова второво не е провобитно насочено само кон отстранување на егзистенцијата на негативната вредност, туку и кон совладување на претходната ненасоченост на волјата кон тоа отстранување.

Шелер сопственото гледиште во врска со вредносното сознавање го оквалификува како емоционален априоризам. Феноменолошката дескрипција на емоционалното наводно ја покажува неговата интенционалност, како и тоа дека вредносната област на светот на суштините е пристапна, достапна единствено на интенционалните априорни емоционални акти. За еден саморазумски субјект вредностите вечно би биле обвиткани со темнина: разумот е „слеп“ за вредноста. Впрочем, примарното приоѓање кон светот е емоционално вредносно, а не претставно.

Априорната емоционалност ги има следниве слоеви: 1) *чистото чувствување,* 2) *претпоставувањето и запоставувањето* и 3) *љубовта и омразата.*

„Чистото чувствување“ ни нуди увид во вредностите, но земени изолирано. Строго треба да се диференцира од „чувството на нешто“, исто така интенционален, но емпириски акт. „Чистото чувствување“ на вредностите ние можеме да го поседуваме само тогаш кога го поседуваме чувствувањето на она врз што вредностите се дадени.

Местото на една вредност во вредносната хиерархија го зафаќаме со актите на претпоставувањето и запоставувањето. Тие се априорни за разлика од актите на емпириското претпоставување, односно занемарување, врзани за формите на реалното битие. Претпоставувањето т.е. занемарувањето на вредностите нема ништо заедничко со какви и да било акти на избирањето, посакувањето, стремењето итн. Интуицијата на вредносниот ранг не е ниту делумно волев, туку до крај исклучиво сознаен акт. Иако вредносниот степен е *даден* во претпоставувањето, тоа не значи дека тој се *состои* во тоа. Хиерархијата е однос заснован во суштината на соодветната вредност, па затоа апсолутно инваријабилен. Со нашето претпоставување ние само точно или неточно (постои и „измама" на претпоставување) ја увидуваме фактичката состојба. Дали некоја вредност е повисока или пониска, тоа секогаш одново треба да се сознава со априорното претпоставување, односно запоставување. Вредносната хиерархија не може да се дедуцира логички. Во врска со неа не може да стане збор за некаква логичка извесност, туку само за интуитивна евидентност на претпоставувањето.

И најпосле, априорни интенционални акти со посебен интензитет - актите на љубовта и омразата. Додека со чистото чувствување се дадени вредностите, навистина изолирани, а со априорното преферирање во хиерархиската скала, дотогаш љубовта-омразата ги прошируваат или редуцираат вредносните хоризонти.

Да не заборавиме дека кај сите три акти се работи за априорни акти. Дури и повеќе, тоа не се специфично човечки акти, оти не се условени антрополошко-психолошки, па можат да ги извршуваат и *непсихофизичките* суштества.

Редот на прикажувањето е и ред на меѓусебната зависност на овие акти. Чувствувањето на вредностите се фундира врз вредносното претпоставување-занемарување; најнапред вредностите се дадени во овие последниве, па дури потоа ги „чувствуваме". А љубовта и омразата претходат и го засноваат и првиот и вториот слој.

Во поглед на логичката форма, вредносните судови, наводно, ни малку не се разликуваат од кој и да било неоспорно когнитивен исказ, значи вредносните судови имаат когнитивен статус. Меѓу нив постои разлика само во врска со содржината на предикатите. Кај вредносните судови предикатот изразува исто така еден факт, но *вредносен* факт. „Вредностите се факти кои припаѓаат кон еден определен вид искуства, и затоа кон суштината на еден така важечки став припаѓа дека се согласува со овие *факти*". (1,189)

Иако апсолутист во третманот на вредностите, Макс Шелер ја признава *релативноста* на нашето вредносно сознавање. „Како за историскиот човек така и за индивидуумот, способноста за развитокот на чувствувањето на вредноста е неограничена...“ (1, 274-275). На човекот сè повеќе и повеќе му се открива царството на вредносните квалитети. Разликите во вредносните интуиции во различните времиња или во исто време, кај различни или исти народи, групи и поединци, според мислењето на Шелер, говорат само за вредносниот перспективизам и нужната кооперација во вредносното сознавање и не можат да бидат никаков валиден доказ против основната теза за апсолутната непроменливост и објективност на вредностите.

*

Мора да се прифати Шелеровото отфрлување на некритичкиот аксиолошки објективизам. Секој обид вредносната особина да се лоцира и демонстрира само врз објектот однапред е осуден на неуспех. Дотолку повеќе што објективизмот уште со остроумните Мурови тврдења за „натуралистичката фалација“ и „неприродното својство“ претрпел мошне сериозна корекција.

Но, заедно со некритичкиот објективизам, Шелер го отфрла и субјективистичкото, односно релативистичкото сфаќање на вредностите, бидејќи вредносниот феномен го трансцендира не само својството на објектот, туку и состојбата на субјектот. Место разрешувањето на апоријата меѓу аксиолошкиот објективизам и субјективизам да ја бара со посредување на реперите на една синтетичка транссупстанцијација, тој останува во дијапазонот на аксиолошкиот објективизам, епитомизиран во специфична, апсолутистичка конотација. Неговата теза за апсолутното и содржински определено битие на вредноста не може ниту да се докаже, ниту да се побие врз основа на податоците од искуството, од што следува заклучокот дека се работи за метафизички нонсенс. Таков е и неговиот став за априорната структура на вредносното царство, како и тезата за апсолутната хиерархија на вредностите со истовременото признавање на релативноста и променливоста на хиерархиите до кои доаѓа вредносното искуство.

Од релативната независност на вредносното сознавање од сознавањето на вредносниот носител, Шелер заклучува за потполната независност на битието на вредноста од битието на вредносниот носител! Вредноста секогаш е вредност *на нешто,* врзана е за својот носител, комплементарна со него.

Францускиот филозоф Роже Давал вака ја дефинира вредноста: „Вредноста е ... релација на комплементарност на објектот кон субјектот“. (2, 14)

За Шелер поделбата на вредностите на позитивни и негативни е априорен „суштински факт“, заснован во самата суштина на вредноста, па и не може да се објасни. Субјектот ги дели објектите на вредни и невредни, зависно од тоа дали кон него стојат во однос на комплементарност или некомплементарност. Тој е некомплетно, инсуфициентно суштество, па има потреби произлезени од недостаток кој треба да го отстрани со некој објект. Значи, објектот му е нужен за да се комплетира себеси. Од своја страна објектот мора да биде таков за да може да го комплетира субјектот. Значи, нешто е вредно само кога му е комплементарно на субјектот. Објектот, пак, кој во субјектот продуцира некој недостаток или спречува веќе постојниот да се отстрани е некомплементарен, па значи и невреден. Од тоа е јасно зошто негативната вредност позитивно квалитативно е определена, а не само негација на позитивната.

Додека Шелер хиерархијата на вредностите ја зема како „априорен суштински однос“, дотогаш според Даваловата определба објектите не се само комплементарни или некомплементарни за субјектот, туку повеќе или помалку комплементарни или некомплементарни.

За Шелер ставовите кои го изразуваат односот на егзистенцијата кон позитивната, односно негативната егзистенција се од аксиоматска провениенција. Според Давал, егзистенцијата на позитивната вредност е позитивна вредност затоа што значи позитивна егзистенција на објект кој му е комплементарен на човекот. Неегзистенцијата на позитивната вредност е негативна вредност затоа што значи неегзистенција на објектот комплементарен на човекот.

Поимот вредност го содржи „треба“ како една од најбитните карактеристики. Дури во релацијата комплементарност-некомплементарност на објектот кон субјектот се раѓа едно „треба да биде“ или „не треба да биде“. Кога поимот вредност се дефинира како релација на комплементарност на објектот кон субјектот, тогаш мошне лесно може да се објасни зошто позитивната вредност (релација на комплементарност) „треба“, а негативната (релација на некомплементарност) „не треба да биде“.

Шелер е антиволунтарист во аксиологијата. Меѓутоа, без волитивниот момент во доживувањето на вредноста не може да се објасни „треба“. Ставовите „вредноста треба да биде“ и „вредноста треба да ја оствариш“ не можат да се објаснат без ставовите: „субјектот *сака* таа да биде“ и следствено „*сака* да ја оствари“. Вредноста е релација на комплементарност на објектот кон субјектот, кој доживува истовремено емоционално, рационално и волитивно.

Додека кај Шелер се работи за битие на вредноста апсолутно независно од субјектот воопшто, кај Давал тоа значи: релација на комплементарност на објектот кон субјектот *е* (или „не е“ кога станува збор за небитие на вредноста), како и *може* и *мора* да биде.

Неоспорна е Шелеровата заслуга што ја апострофирал важноста на емоционалното во вредносното доживување, се разбира станува збор за априорен емоционализам. Но оттука не следува заклучокот дека вредносното сознавање е исклучиво од емоционална провениенција, следствено емоционалното доживување на нешто, не е и негово интегрално вредносно доживување, кое го сочинуваат и емоционалните, и рационалните и волитивните конститутивни ингредиенти, а нивните пропорции зависат од видот на вредностите.

Како објективист, Шелер го нагласува, но и го апсолутизира когнитивниот статус на вредносните искази. Од друга страна, аксиолошките субјективисти ги пренагласуваат разликите на вредносните од когнитивните искази. Всушност, вредносниот суд содржи и когнитивен елемент, но тој не е ниту единствен ниту најважен во него.

Шелеровиот став за тоа дека вредносните доживувања не се специфично, генуино човечки, па можат да ги поседуваат и суштества без психофизичка конституција, треба да се отфрли како метафизички нонсенс.

Шелер со право ја акцентирал бесконечната развојна можност на нашето вредносно сознавање, но таа кај него останува необјаснива негова карактеристика. А од Даваловата определба за комплементарноста, таа лесно може да се дедуцира.

Шелер не успеал да ја трансферира апоријата меѓу априористичко-апсолутистичкиот објективизам на вредноста со несомнената релативност на вредносното сознавање. Од една страна метафизичкото тврдење за целосно самостојното суштествување на вредностите, а од друга признавањето на неопходноста од вредносен перспективизам и кооперација во вредносното сознавање!

Библиореференци

1. Scheler, Max, *Der Formalismus in der Ethik und die materiale wertethik*, III Auf., Halle, 1927.
2. Daval, Roger: *La valeur morale*, Paris, 1951.
3. Hessen, Johanes: *Max Scheler*, Essen, 1948.
4. Gurvitch, George: *Les tendences actuelles de la philosophie alle - mande*, Paris, 1930.
5. Pavičević, Vuko: *Odnos vrijednosti i stvarnosti u modernoj nje - mačkoj idealističkoj aksiologiji*, Kultura, Beograd, 1958.
6. Galović, Milan: *Ljubav i bitak*, Hrvatsko filozofsko društvo, Za - greb, 1989.
7. Babić, Jovan, *Kant i Šeler*, Istraživačko-izdavački centar SSO Srbi - je, Beograd, 1986.
8. Stojanović, Svetozar: *Savremena meta-etika*, Nolit, Beograd, 1964.
9. Dupuy, Maurice: La philosophie de Max Scheller, PUF, Paris, 1995.

## RESUMÉ

Kole JOVANOVSKI

### AXIOLOGIQUE OBJECTIVISTIQUE APRIORISME ET APSOLITISME DE MAX SCHELLER

La première partie de l'étude résumée est un exposé du postulat de Scheller relatif à la valeur général. La seconde partie est un examen critique du postulat.

L'auter approuve Scheller d'avoir rejeté l'objectivisme axiologique, ainsi que le subjectivisme axiologique. Mais, afirme l'auteur, Scheller a rejeté en même toute recherche de solution se situant sur un plan relationiste, se qui devait nécessairement l'amener à une vue inadmissible et erronnés: celle de l'objectivisme absolu.

L'auteur estime que la conception scheliérienne de la valeur, qualité essentielle absolument immuable et prossédée par un être entiérment indépendent de l'êre réel, est un nonsens métaphysique. Telle est aussi, d'aprés l auteur, la position de Scheller au sujet de la structure apriorique de l'empire de la valeur tout entier et, par suit, d'une hiérarchie des valeurs absolue.

L'analyse tend, de même, à démonstrer que Scheller est incapable d'expliquer toute une série des faits d'importance par son postulat de la valeur. A cet égard, il est tout particulièrement question de l'idée que Scheller se fait des rapports la valeur et le „doit". Toutes ces difficultés suscitées par la postulat de Scheller sont confrontées continuellement avec l'aisance avec laquelle on peut les éviter en partant du postulat exposé par Roger Daval dans son ouvrage intitulé: „La valeur morale".

L'examen critique du traitement de la connaissance de la valeur par Scheller débute par la constatation qu'il a eu raison de souligner l'importance de l'émotionnel dans l'événement de valeur par opposition au rationalisme. Mais, ce faisant, Scheller a entièrement rejeté l'indispensable élément rationnel et volontaire de la connaisance de la valeur, et formulé une conception émotionaliste unilatérale.